**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Деведесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 јануари 2008 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,23 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:**

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, паузата помина.

Ги замолувам службите да ѕвонат.

Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по Деведесет и третата седница на Собранието.

Пратениците, Љубчо Георгиевски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Владо Бучковски, Есад Рахиќ, Иван Стоиљковиќ, Кенан Хасипи, Хади Незири, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Али Ахмети и Зумрете Јакупи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите достауваат точен број на присутни пратеници во салата).

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Предлог за донесување на закон за вонпарнична постапка, со Предлог на закон.**

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од Амандманот 15 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ги повикувам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Имаме точно 81 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 82 пратеници, гласале 81 пратеник и сите 81 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за вонпарнична постапка.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Деведесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Давам 10 минути прекин за пререгистрација за Шеесет и петтата седница.

(Седницата заврши во 12,38 часот)